УДК 821.163.3-5

**Јана Михајловска**

# ОД СЕМЕЈСТВОТО

Ова што следува на една страница е, всушност, обраќањето за нашиот Драги од семејство, на јавниот настан што се одржа на 15 јуни 2022 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје, а во чест на неговите лик и дело. Упатуваме благодарност до Филолошкиот факултет што ни отстапи простор во Годишниот зборник да дадеме многу краток прилог во сеќавање на него.

На денот на неговото чествување од многу почитувани професори, од студентите, од неговите колеги и пријатели слушнавме за неговиот лик, за неговите дела, за учителствувањето, за неговите преводи и прозни дела и, неминовно, се кажаа и зборови за неговото физичко заминување од овој свет: „Колку тажно, изгубивме голем двигател во книжевноста и образованието, но, пред сѐ, човек. Толку скромен, а толкава величина… Неговите дела ќе останат запаметени, тие се дел од кодот/„ѓонот" на нашиот развој, како македонска едуцирана, писмена целина, не само како оставштина и како аманет, туку и како силно орудие против просечноста. Неговото творештво се врежува во нас уште на прво читање, разговорите со него (барем мене), кратки и мудри, а преводите, богатство за сегашниве и идни генерации. Познавач и столб на македонскиот јазик."

Горди сме на него! Она што нам ни го остави како последно сеќавање беа топлата прегратка и бакнежот на рака. Замина тивко, нечујно и со леснотија го напушти овој физички свет, баш онака како што живееше. Неговата големина е најголемото наследство што ни го остави. Наследство што е длабоко всадено во нас. Бескрајно сме благодарни што беше дел од нашите животи. Секако, неизбежни се сеќавањата со него: љубовта кон домот; звукот од старата машина за пишување во нашиот мал но полн со љубов дом; поддршката; семејните собири и свирењето на гитара, долгите

прошетки, прекрасните разговори, решавањето на проблемите. Со мајка ни ни влеаја љубов кон уметничките дела на наши познати сликари, кон книгите, театарот, уметноста, воопшто. Во која улога и да го сместиме, тој е во целост остварен и, како човек, зад себе и во нас остави безусловна љубов, лик на татко/пријател, човек со вредности. Тој никогаш нема да е минато, бидејќи токму тоа што ни го остави е и наша должност – да го шириме и продлабочуваме во сегашноста и во секој иден момент. „Нема сѐ во книгите, животот се учи од животот“, е една од многуте мудрости што тој ни ги има кажано, а што ги споделувал и со своите студенти, пријатели, роднини...

На крај, а во стил на Драги, кој веруваме дека, исто како нас, би ги поздравил сите свои познавачи, поддржувачи, пријатели со зборовите: „Чувај се, чувајте се, и само здравје!“.

Слава ти наш најмил Драги!

Секогаш со и во нас!